РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-528/1
28-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 27-та седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2617/1 од 02.10.2025 година, оформен по пријава против поранешниот Градоначалник на Општина ----, лицето ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не е констатирана повреда на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-2617/1 од 02.10.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 02.10.2025 година е поднесена пријава против поранешниот Градоначалник на Општина ---- - ---- и оформен е предмет бр. 12-2617/1 од 02.10.2025 година.

Подносителот на пријавата бара информација од ДКСК дали било извршено законито разрешување на директор на ЈП "----" – ----во време на изборен процес.
Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Општина ----.

Во законски предвидениот рок е доставено известување од новоизбраниот градоначалник на Општина ---- дека разрешувањето на директорот на ЈП ---- било извршено со Решение бр. ---- од 26.09.2025 година како и дека друга документација во врска со овој предмет не постоела според податоците од надлежната служба.

Во прилог на горенаведениот допис е доставено и посоченото решение, видно од кое лицето ---- се разрешува од должноста директор заклучно со 30.09.2025 година, поради занемарување и неизвршување на обврските со што се настанати нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на јавното претпријатие. Решението е донесено врз основа на член 24-а став 1 алинеја 5 од Законот за јавните претпријатија и член 39 од Статутот на Општина ----.

Имајќи го предвид горенаведеното горенаведеното, ДКСК утврди дека, во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на горенаведените одредби од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk